ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ

ЕУРОПА ПРИМА

2007

# ИНСТИТУТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ СТУДИИ

# И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

www.europaprima.com

**Скопје 2026**

**Комисија за самоевалуација:**

• Проф. Горан Наумовски, претседател

• Доц. Ненад Стефановски, член

• Проф. Горан Тренчовски, член

• Вонр. Проф. Јани Бојаџи, член

***САМОЕВОЛУАЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ СТУДИИ И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА***
***(ПЕРИОД 2023-2025)***

# 1. ВОВЕД

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита е основан во година и претставува високо специјализирана научно-истражувачка, уметничко-истражувачка и развојна единица во рамките на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ – Скопје. Неговата улога не се ограничува само на промоција и дигитална заштита на аудиовизуелното творештво, туку пред сè се дефинира како истражувачки центар за аудиовизуелни студии, со фокус на анализа, интерпретација и теоретско артикулирање на современите и традиционалните аудиовизуелни феномени. Од своето формирање, институтот активно организира научни и културни настани кои ги обединуваат уметниците, теоретичарите, културните работници, креативците од сферата на современото аудиовизулено творештво и пошироката јавност. Во текот на своето делување, институтот реализираше бројни конференции, симпозиуми, јавни дебати и културни манифестации посветени на современите текови во аудиовизуленото творештво, неговата дигитализација, заштита и архивирање.

Институтот, согласно Законот за научно-истражувачката дејност, остварува активности од висок стратешки и национален интерес, бидејќи научно и систематски ги истражува комплексите на аудиовизулените уметности и нивниот однос кон културниот идентитет во неговиот историски континуитет. Предмет на истражување е севкупноста на аудиовизулениот израз, неговиот развој и интерпретација во контекст на македонската културна традиција, како и во регионален и интеркултурен контекст.

Преку овие активности, институтот постепено се развива во значајна платформа за размена на идеи, искуства и професионални практики, придонесувајќи кон збогатување на културниот и уметничкиот живот. Дополнително, институтот организира значајни настани и доделува признанија со кои се оддава признание на истакнати личности од областа на уметноста и културата, како и на поединци кои значајно придонеле кон развојот на културната и општествената мисла.

# 2. КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита денес својата дејност ја реализира во неколку компатибилни области:

1. Научно-истражувачка работа – преку домашни и меѓународни проекти и конференции, институтот ги истражува современите трендови и практики во аудиовизуелните уметности, како и нивниот придонес кон културниот идентитет и уметничкиот развој на македонската и регионалната сцена.
2. Организација на културни настани и афирмација на уметници – институтот е иницијатор и домаќин на конференции, симпозиуми, јавни трибини и манифестации кои ги вклучуваат уметниците, истражувачите и пошироката јавност, овозможувајќи континуирана размена на идеи, искуства и професионални практики во областа на аудиовизуелното творештво, дигитализација и заштита.
3. Издавачка дејност – преку периодични списанија и монографски публикации, институтот придонесува кон видливоста и афирмацијата на аудиовизуелните уметности и истражувачките резултати на своите професори и соработници.

Иако институтот е во развој и брои мал оперативен тим, неговата активност се карактеризира со висок степен на колегијалност, професионална етика и иницијативност. Отвореноста кон соработка со други институции и академски организации овозможува успешно реализирање на меѓународни конференции и проекти, резултирајќи со публикации и традиционални меѓународни врски во областа на аудиовизуелните уметности, дигитализацијата и конзервацијата.

Сепак, институтот се соочува и со значајни предизвици: ограничено финансирање на домашни и меѓународни проекти, недостаток на научен кадар и потреба за подмладок од страна на истражувачите. И покрај овие предизвици, институтот продолжува да функционира како платформа за развој и афирмација на аудиовизуелното творештво, дигитализација и заштита, со потенцијал за понатамошен раст и меѓународно препознавање.

## 2.1 МИСИЈА, ВИЗИЈА И СТРАТЕГИЈА

За периодот 2023-2025, Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита (ИАСДЗ), интегриран во Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ - Скопје, развиваше интегриран и систематски научно-истражувачки пристап кој ја опфаќаше широката област на аудиовизуелните уметности, филмологијата, музичките практики и дигиталните технологии. Истражувачката дејност се засноваше на методолошки прецизни и теоретски утврдени рамки, со цел да се продуцираат нови знаења, аналитички модели и критички интерпретации на аудиовизуелните феномени во локален, регионален и европски контекст.

Посебен акцент во анализираниот период се ставаше на развојот на уметничко-истражувачки модели, во кои уметничката пракса не се третираше само како резултат, туку и како метод на истражување. Овој пристап овозможи директна врска меѓу теоријата и практиката, при што аудиовизуелната продукција служеше како лабораторија за создавање нови естетски, аналитички и методолошки сознанија.

### 2.1.1 МИСИЈА

Мисијата на ИАСДЗ во периодот 2023-2025 беше да поттикнува истражување, образование и практична заштита на аудиовизуелното наследство, обезбедувајќи техничка, етичка и институционална поддршка за дигитална конзервација на дела со универзални вредности, заедно со јавна афирмација на наднационалните интереси.

Институтот создаваше платформа за соработка помеѓу уметниците, истражувачите и институциите, преку развој и учество во проекти за дигитализација и современо архивирање на аудиовизуелни материјали од културно, национално и универзално значење, промовирајќи современи практики во аудиовизуелните студии и дигиталната заштита.

Реализацијата на мисијата во референтниот период се остваруваше преку:

- Поттик на публикации во рецензирани списанија и меѓународни издавачки куќи,

- Истражување и афирмација на аудиовизуелните уметности преку научни и културни настани,
- Организација на работилници, конференции и симпозиуми за архивски практики и дигитализација на аудио/видео записи,
- Развој на издавачка дејност, вклучително списанија и публикации на професори/соработници,
- Платформа за соработка помеѓу уметниците, академијата, стручната фела, институции и медиуми,
- Промоција на македонското културно наследство и аудиовизуелен идентитет,
- Усовршување на кадарот, учество на конференции и презентација на резултати.

### 2.1.2 ВИЗИЈА

Во периодот 2023-2025, ИАСДЗ се стремеше кон континуиран развој за да прерасне во регионален центар за културна и научна размена во аудиовизуелните студии и дигитална заштита, придонесувајќи кон промоција на проекти за дигитализација и заштита на аудиовизуелното творештво.

Визијата опфаќаше одржлива институција за критичка мисла, интердисциплинарни истражувања и широк пристап до дигитални архиви на регионално/меѓународно ниво. ИАСДЗ се позиционираше како синоним на академска извонредност, техничка експертиза и јавна ангажираност, препознатлива по квалитетни истражувања, иновативни практики и меѓународна соработка.

### 2.1.3 СТРАТЕГИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИСИЈАТА

Во 2023-2025, ИАСДЗ ги следеше развојните процеси на високообразовни и научни установи во земјата и странство, прилагодувајќи се на новите барања и предизвици од надворешната околина со ефикасни реакции.

Стратегијата се реализираше преку:

- Интердисциплинарни проекти за дигитализација на аудиовизуелно наследство,
- Капацитетски развој на кадар и набавка на опрема,

- Меѓународна соработка и настани за промоција на македонското наследство,
- Извештаи за самоевалуација за квалитет и усогласеност со стандардите.

Оваа стратегија обезбеди одржлив развој и придонес кон националните културни приоритети во референтниот период.

# 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност е еден од основните столбови на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита при Универзитет Еуропа Прима. Таа не само што го афирмира академското истражување и уметничката практика, туку создава платформа за континуирана размена на идеи, современи концепти и креативни решенија во областа на сценските уметности. Истражувачките активности на институтот се насочени кон поттикнување на критичката мисла, презентација на нови методологии и афирмација на актуелните прашања што ги обликуваат современото аудиовизуелното творештво, дигитализацијата и заштитата на аудиовизуелните дела.

## 3.1 ОСНОВНИ АКТИВНОСТИ

Институтот за сценски уметности својата научно-истражувачка дејност ја реализира преку повеќе комплементарни активности кои го опфаќаат истражувањето, публикациската дејност и меѓународната соработка. Професорите активно објавуваат рецензии и студии на теми кои се актуелни и привлечни за аудиовизуелните уметности, дигитализацијата и заштитата, овозможувајќи критичка анализа на современите практики, теоретски концепти и културни трендови. Овие публикации не само што ја афирмираат научната и уметничката работа на институтот, туку ја збогатуваат пошироката академска и културна јавност.

## 3.2. ПРОЕКТИ И СОРАБОТКА

Во рамките на својата научно-истражувачка дејност, Институтот за сценски уметности активно учествува во реализација на проекти, образовни активности и меѓународни соработки, кои придонесуваат кон развојот на аудиовизуелните уметности и нивната интеграција во современиот културен и академски контекст.

Во текот на анализираниот период (2023–2025), Институтот, во соработка со Универзитетот Еуропа Прима, реализираше проекти насочени кон поврзување на образовниот систем со културниот сектор. Особено значаен е проектот реализиран во **мај 2025** година, во соработка со Секторот за образование при Град Скопје и средните училишта, кој имаше за цел да ги вклучи младите во културни и едукативни активности од областа на сценските и аудиовизуелните уметности. Во рамките на овој проект, учесниците добија сертификати и благодарници, со што се поттикнува нивниот интерес за уметничко изразување и културна едукација.

Во насока на интернационализација на научната дејност, институтот учествува и во реализација на активности во рамките на Erasmus програмите. Во **мај 2025** година беа реализирани предавања од гости-професори од Португалија, со што се овозможи размена на знаења, искуства и современи пристапи во уметноста.

Дополнително, наставниот кадар поврзан со институтот активно учествува во меѓународни академски активности. Во **април 2025** година, во соработка со Институтот, се одржаа серија предавања на Универзитетот Пантеон Асас Сорбона 2 на тема „Улогата на драмскиот жанр во тековите на светската историја од Антика до денес", што претставува значаен придонес кон меѓународната афирмација на македонската научна и уметничка мисла.

Во рамките на развојот на институционалната соработка, во **септември 2023** беше потпишан меморандум за соработка помеѓу Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита и Друштвото за истражување и развој Сефиданис ДООЕЛ Охрид, претставувано од проф. д-р Анис Сефиданоски, потпишаа Меморандум за соработка.

Целта на соработката беше воспоставување платформа за истражувачки, академски и образовни активности во областа на експоненцијалните технологии. Според договорот, двете институции ќе воспостават размена на искуства,

организирање на практична настава за студенти, стипендиски програми, заеднички научно-истражувачки проекти, како и хуманитарни настани.

Договорен беше и редовен трансфер на образовни материјали, како брошури и литература, за користење од страна на наставниот и научниот кадар, како и студентите. Меѓу другите обврски, предвидено е и разменување на академски кадар, организирање семинари и конференции, и активно учество во европски образовни програми.

Во текот на месец **мај 2023 година** во Скопје беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ – Скопје, односно Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита.

Овој меморандум е во согласност со Националната стратегија за сајбер безбедност (2018–2023) и предвидува конкретни заеднички активности со цел едукација, превенција и заштита во дигиталниот простор.

Министерството за внатрешни работи и Универзитетот се обврзаа да ги координираат овие активности според утврден план, кој ќе биде одобрен и финансиран од Владата. Универзитетот, од своја страна, ќе ја прилагодува динамиката, содржината и форматот на курсевите во консултација со Министерството, а фокусот ќе биде ставен на превенција, лична дигитална безбедност и ризици како лажни лични карти, банкарски картички и други дигитални закани. Со оваа соработка се очекува да се зајакнат капацитетите за дигитална заштита кај граѓаните и институциите и да се промовира свесност и одговорност во дигиталниот простор.

Во истот месец **мај 2025 г**. гости – професори од Португалија одржаа предавања на тема „Користење на вештачка интелигенција во аудиовизуелните уметности“. Нашите колеги од Португалија, Beril Marques, Marílio Cardoso и Rosa Reis од ISEP (Instituto Superior de Engenharia do Porto) преку инспиративно предавање ни понудија нови перспективи за тоа како вештачката интелигенција ја трансформира аудиовизуелната уметност. Настанот беше одлична можност за студентите и професорите да научат повеќе за современите практики.

Дополнително, Универзитетот учествуваше во меѓународниот проект DigitCRESHE, кој има за цел трансформација на високото образование во земјите од Западен Балкан во насока на развој на креативните и културните индустрии. Преку вакви иницијативи, се зајакнува позицијата на Институтот за аудиовизуелни студии и

дигитална заштита во современите образовни и културни текови. Овие активности овозможуваат студентите и наставниот кадар да се вклучат во актуелни истражувачки процеси и практични активности, со што се поттикнува нивниот професионален развој и поврзаност со аудиовизуелните уметности на национално и меѓународно ниво.

На **18 јули 2025**, Министерот за дигитална транформација Стефан Андоновски во Владата на Република Македонија го прими Претседателот на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима, Јордан Плевнеш, со кого имаше плодотворен разговор за вклучувањето на академските кадри од универзитетот од Институт за аудиовизуелни студии и дигитална заштита во областа на дигиталните и аудиовизуелните студии во подготовките за Самитот на земјите од Западен Балкан, на 1 и 2 октомври во Скопје. Со оглед на дведецинското искуство на ИУ Еуропа Прима во глобалните студии за дигитализација и соработката со врвни институции од Европа и САД, Министерот Андоновски ја поддржа доследната активност на универзитетот со Фестивалот на Југоисточна Европа Париз-Берлин-Вашингтон во обединувањето и европеизацијата на Балканот.

Во септември Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита успешно ја реализираше фазата на дигитализација на фрески во рамките на подготовките за изложбата „Наследството на светлината". Во текот на оваа активност, експертските тимови на Институтот, користејќи специјализирана опрема, извршија:

- Високорезолуционо скенирање: Беа креирани исклучително детални дигитални копии на фрески од Дичо Зограф, обезбедувајќи максимална верност на боите и текстурите.
- Дигитална конзервација: Дигиталните записи беа обработени за да се елиминираат визуелните артефакти од оштетувањето на оригиналите, со што се овозможи нивно сигурно и долгорочно архивирање.
- Креирање на интерактивен фонд: Дигитализираните фрески станаа основен материјал за развојот на интерактивните панели и мобилната апликација на изложбата, со што се постигна целта да се направи наследството подостапно за младите.

Со завршувањето на овој процес, Институтот придонесе за долгорочна заштита на културното богатство и ја постави технолошката основа за идната успешна реализација на мултимедијалната изложба.

## 3.3. НАГРАДИ И АФИРМАЦИИ

Институтот редовно доделува награди и признанија за афирмација на значајни индивидуи во областа на аудиовизуелните уметности. Меѓу нив, најзначаен е **Филмскиот фестивал на Југоисточна Европа** што се одржува во Париз, Берлин и Вашингтон, во организација на Универзитетот Еуропа Прима, во соработка со INALCO Paris-Cite- Sorbonne, Универзитетот Хумболт во Берлин и Американскиот универзитет од Вашингтон, додека во зависност од можностите, се доделуваат награди Doctor Honoris Causa и Professor Honoris Causa.

На **5 Октомври 2023 г.** легендарна личност во српската и балканската кинематографија, Драган Бјелогрлиќ, гостуваше на првиот академски час организиран на Интернационалниот Универзитет Еуропа Прима – Скопје од Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита со единствена академска програма во регионот, којашто ги опфаќа сите професии од аудиовизуелната дејност. На Бјелогрлик му биде врачена високата награда Еуропа Прима 2023 , која му беше доделена во јуни, на Филмскиот фестивал на Југоисточна Европа што се одржа во Париз, Берлин и Вашингтон, во организација на универзитетот, во соработка со INALCO Paris-Cite-Sorbonne, Универзитетот Хумболт во Берлин и Американскиот универзитет од Вашингтон.

Во **март 2023 година**, Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ – Скопје по иницијатива на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита, го прогласи Џон Малкович за Doctor Honoris Causa. Овој чекор беше извршен како признание за неговиот извонреден придонес кон филмската уметност и глобалната културна сцена. Со ова признание, Универзитетот ја истакна уметничката визија на Малкович и неговата инспиративна кариера, која може да послужи како пример и мотивација за студентите во академската заедница.

Во **јуни 2023 г**., за време на одржувањето на Филозофскиот филмски фестивал, во соработка со Институт за аудиовизуелни студии и дигитална заштита, големото име на полската и светската кинематографија Кшиштоф Зануси беше прогласен за почесен

доктор (Doctor Honoris Causa) на Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Претседателот на универзтетот Јордан Плевнеш, во својата пригодна беседа го истакна фактот дека кон плејадата на светски имиња во областа на филмската и театарската уметност, коко што се Маноел Де Оливеира, Клод Лелуш, Роберт Вилсон, Јиржи Менцел и други, вледува и бесмтрното дело на Кшиштоф Зануси, којшто со својот исклучитлен филмски и театарски опус се издигнува на врвот на европската и светската култура. На академската церемонија организирана во негова чест, пред голем број на професори, студенти и почитувачи на неговото дело, свечено обраќање имаше реципиентот Кшиштоф Зануси, којшто направи една духовна и уметничка хронологија на својата творечка дејност, низ историски, политички и естетски трансферзали кои оставија неизбришливи траги, не само во Европа и САД, туку и во светски рамки.

На **17 мај 2024 година**, Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ – Скопје, по иницијатива на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита го прогласи Крис Павловски за почесен доктор (Doctor Honoris Causa) во областа на дигиталната комуникација. Павловски е основач и извршен директор на платформата Rumble, и има над две децении искуство во онлајн маркетингот и дигиталните медиуми. Тој ја основал компанијата Cosmic Development, која работи глобално со тимови во Европа и Северна Америка, а истовремено вложува и во развој на дигитални вредности и слобода на искажување. Со ова признание, Универзитетот „Еуропа Прима“ ја награди неговата визија и остварувањата во дигиталната сфера, како и придонесот кој го има кон развојот на платформи за слободна размена на мисли и информации.

## 3.4 ПУБЛИКАЦИИ И РЕЗУЛТАТИ

Професорите и истражувачкиот тим на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита активно учествуваат во создавање публикации кои го афирмираат развојот на локалните и регионалните аудиовизуелни практики и придонесуваат кон продлабочување на теоретското и практичното разбирање на аудиовизуелните уметности. Меѓу значајните дела од периодот 2023 - 2025, кои ја означуваат

континуираната публикациска линија на Институтот, се трите книги на професорот Мишо Нетков – „Интервјуто како дел од усната историја“, „Во светот на дигиталната култура“ и „Во светот на медиоиндустријата“, како и книгата „Телевизиски системи“ на професорот Милчо Узунов.

Книгата **„Интервјуто како дел од усната историја“** од проф. д-р Мишо Нетков претставува прирачник за студентите и нема за цел да даде целосна експликација за едно извонредно сложено прашање во новинарствотро како што е интервјуто, или пак истото да го третира од научна гледна точка, туку исклучиво се задржува на ТВ интервјуто, поточно, начинот на неговото реализирање од сите аспекти, почнувајки од вокабуларот, стајлингот, однесувањето на новинарот кон соговорникот, методологија на поставување на прашања и користење на одговорот и т.н. Сите тие елементи кога ке се соберат даваат одредена гаранција дека интервјуто покрај знаењето, односно подготовката на новинарот за одредената тема ке биде успешно онака како што е замислено.

Проф. Мишо Нетоков во книгата **“Во светот на дигиталната култура“** се занимава со знаењето во современта дигитална ера. Секој вид на знаење, во некоја смисла има за крајна цел да се стекне една елементарна информација. Така и образованието како еден морален чин пружа можности за стекнување на повекеслојно знаење. Тоа не постои само затоа за да ги истакне општествените вредности, туку истовремено да стави нагласка на една индивидуална информираност на личноста. Оваа книга/учебник е наменета за сите возрасти, посебно за наставниците во основните и средните училишта како и за воспитувачите во градинките, со акцент на младите личности, оние кои започнуваат да контактираат и да ги пребаруваат електронските медиуми.

Книгата **„Во светот на медиоиндустријата“** од проф. Мишо Нетоков содржи десетината наслови преку кои на некој начин се осветлуваат/перцепираат медиумите ставени/инволвирани во разни функции како и нивното влијание што го имаат врз гледачот/читателот. Далеку од тоа дека со неколку написи ќе се даде целосно осветлување на медиумите, но на некој начин ќе ги подотвори чакрите кај читателот за да може да си направи сопствени анализи за одредени личности и настани. Значи, темите имаат за цел да појаснат одредени состојби на медиумите кога истите ќе се стават во одредена функција: политика, култура, реклама и сл.

Во **книгата Телевизиски системи** од Милчо Узунов е направен еден извонреден баланс помеѓу инженерството и онаа друга страна на телевизијата, а тоа се

луѓето, телевизиските работници коишто работат со таа технологија, коишто немаат потреба да знаат подлабоко за таа технологија, на едно инженерско ниво, меѓутоа треба да знаат да ја користат таа технологија и да знаат како функционира целиот систем, кое е нивното место во тој систем, да знаат што може да очекуваат од таа технологија. Оваа книга е многу корисна и за електротехничарите и електроинженерите кои работат или ќе работат во ТВ центрите и видеопродукциите, да знаат како таа опрема треба да се поврзе и како да се проектира и организира ТВ студио и репортажно возило. Со помош на оваа книга сега многу полесно ќе можат да се формираат нови и современи телевиски студија.

Покрај овие книги професорите од Институтот редовно објавуваат и статии и есеи на теми од областа на аудио, видео и информатичките технологии кои се од големо значење за нивна примена во аудиовизуелните уметности.

Преку овие активности, институтот ја афирмира научната и уметничката работа на македонските истражувачи и создава платформа за промоција на аудиовизуелните практики на меѓународната сцена, овозможувајќи нивните достигнувања да бидат достапни за пошироката академска и културна јавност.

## 3.5 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Институтот активно воспоставува соработка со странски академски и културни институции, овозможувајќи размена на знаења, искуства и заеднички проекти. Ова вклучува учество во европски научно-истражувачки програми, мобилност на студенти и наставен кадар, како и презентација на научни и уметнички резултати на меѓународни конференции и симпозиуми.

Научно-истражувачката дејност на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита претставува клучен столб на неговото работење. Преку рецензии и студии на актуелни теми, меѓународни проекти, награди и публикации, институтот создава рамка за континуирана афирмација на аудиовизуелните уметности, поттикнување на академската критика и унапредување на професионалниот развој на студентите и наставниот кадар.

# 4. БИБЛИОТЕКА, СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ

## 4.1 БИБЛИОТЕКА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита располага со сопствена библиотека која претставува значаен ресурс за студенти, наставен кадар и истражувачи. Библиотеката поседува фонд кој вклучува научни книги, монографии, списанија, научна документација и сопствени изданија на институтот. Фондот редовно се збогатува со релевантна домашна и странска литература која го опфаќа целокупниот спектар на областите под уметноста, културата и аудиовизуелните технологии.

Дополнително, библиотеката активно следи нови изданија и тенденции во областа на аудиовизуелните уметности и технологии, обезбедувајќи книги и публикации кои се од значење за современите сценски практики, културолошки студии и истражувања на локалната и регионалната сцена од аудиовизуелните уметности. На овој начин, фондот не само што ја поддржува наставата и научно-истражувачката дејност, туку и овозможува видливост и афирмација на македонското аудиовизуелно творештво во меѓународен контекст.

## 4.2 СПИСАНИЈА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита активно придонесува за афирмацијата на научната и уметничката дејност преку издавање на научни списанија кои овозможуваат размена на идеи и резултати од истражувања во областа на сценските и аудиовизулените уметности. Две од најзначајните публикации се списанијата „СУМ“ и „Линк“, кои претставуваат платформа за академски текстови, критички есеи и рецензии на теми од областа на театарот, перформансот, операта, балетот, филмот, музичката продукција и аудиовизуелните уметности и технологии.

Списанието „Линк“ е продукција на Универзитетот и се објавува со поддршка од Институтот, а во него редовно се публикуваат текстови на професори, истражувачи и гостински автори од Македонија и странство. Списанието „СУМ“ е списание кое го издава еден од професорите на Институтот и се објавува три пати годишно; во 2023 година излезе неговото 90-то издание. Во ова списание се застапени различни жанрови и теми кои се од големо значење за современата сценска уметност и за длабокото разбирање на нејзините почетоци, како и за афирмација на новите творечки тенденции во регионот.

Списанијата, покрај академската функција, служат и како медиум за видливост на македонските и регионалните сценски и аудиовизуелни практики на меѓународната сцена. Тие обезбедуваат можност за соработка со странски универзитети и институции, како и за публикување на трудови од гости-професори и истражувачи, со што ја поттикнуваат интернационалната академска комуникација. На овој начин, списанијата на Институтот не само што ги документираат и афирмираат резултатите од научните истражувања, туку и го зацврстуваат угледот на институтот како центар за современи аудиовизуелни студии и дигитална заштита.

## 4.3 ПУБЛИКАЦИИ

Во рамките на својата научно-истражувачка и творечка дејност, Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита континуирано ги афирмира резултатите на своите професори преку објавување книги, студии и монографии кои го документираат развојот и трансформациите во областа на аудиовизуелни уметности и дигиталната заштита. Во периодот 2023-2025, за кој се однесува оваа самоевалуација, Институтот има реализирано значајни публикации кои ја збогатуваат академската и практичната сцена во земјата.

Професорот Мишо Нетков објави три книги: „Интервју како дел од усната историја“ (2023), „Во светот на дигиталната култура“ (2023) и „Во светот на медиоиндустријата“ (2024). Книгата **„Интервјуто како дел од усната историја“** е практичен прирачник за студентите по новинарство, насочен кон ТВ интервјуто и

неговата реализација – од вокабулар и стајлинг до методологија на прашања и користење на одговори. **„Во светот на дигиталната култура“** ја разгледува улогата на знаењето во современата дигитална ера, нагласувајќи ја индивидуалната информираност и образованието како морален чин; учебник применлив за наставници, воспитувачи и млади корисници на медиуми. **„Во светот на медиоиндустријата“** преку десетина написи ги анализира медиумите во различни функции (политика, култура, реклама), поттикнувајќи читателите да развијат сопствени критички анализи за нивното влијание. Трите дела заедно ја осветлуваат врската меѓу новинарството, дигиталната култура и медиумската индустрија.

Во 2023 година професорот Милчо Узунов ја објави книгата **„Телевизиски системи“** која е прва книга за оваа тема напишана на македонски јазик, што додава дополнителна тежина на значајот на ова дело. Книгата обработува проблематика чиешто познавање ќе им биде од огромна корист на сите што се бават со каква и да е ТВ продукција, а авторот ја обработува од стручен и практичен аспект, нудејќи конкретни, реални примери за ТВ системите. Почнувајќи од основните параметри на телевизиските студија па сè до одделните сектори и нивните функции во телевизискиот систем, оваа книга дава целосна слика не само за телевизиите како медиуми, туку и за продукциските процеси кои се нивен составен дел. Оваа книга ја збогати македонската стручна литература, особено во делот на телевизијата каде навистина бројот на книги кои може да се најдат од оваа област е значително мал.

Во 2025 година, проф. Јани Бојаџи ја објави книгата **„Гледна точка - инструментите и средствата за работа на режисерот во уметноста на филмот и телевизијата“**, која во суштина е научен труд и содржи статии за филмот и за уметноста на режијата, објавени во научни списанија во странство, а еден дел е докторската дисертација на авторот. Книгата е целосно посветена на инструментите и средствата за работа на режисерот во уметноста на филмот, како што гласи и нејзиниот поднаслов.

Преку овие активности, Институтот не само што документира значајни научни, истражувачки и уметнички достигнувања, туку и обезбедува платформа за интернационална видливост на македонските истражувачки практики и за афирмација на новите творечки тенденции на полето на аудиовизуелните уметности, како на локално така и на регионално ниво. Публиката на овие изданија вклучува академици, истражувачи, студенти и професионални практичари, што ја потврдува улогата на

Институтот како центар за квалитетни и релевантни истражувања во областа на аудиовизуелните уметности и технлогии и дигиталната заштита.

# 5. ВИДЛИВОСТ

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита активно ја промовира својата научно-истражувачка и уметничка работа, обезбедувајќи видливост на своите резултати на национално и меѓународно ниво. Годишно, институтот е вклучен во бројни активности кои го афирмираат македонското аудиовизуелно творештво и овозможуваат соработка со странски институции, фестивали и академски партнери.

За поттикнување на јавната видливост и информирање на пошироката јавност, Институтот организира прес-конференции и јавни настани, како и други активности кои ја промовираат неговата работа и резултатите од истражувањата. Покрај тоа, информации за активностите, проектите и постигнувањата се објавуваат преку медиумите, како и на официјалната веб-страница на институтот, со цел континуирано информирање на заинтересираната публика и афирмирање на македонските творечки тенденции на полето на аудиовизуелните уметности и технологии и дигиталната заштита.

# 6. SWOT АНАЛИЗА

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита континуирано го истражува својот развој и ги следи резултатите од својата работа, создавајќи стабилна основа за идни планови и задачи. SWOT анализата овозможува систематско согледување на силните и слабите страни на Институтот, како и можностите и заканите што го опкружуваат, со цел подобрување на стратегиското планирање и развој на научната дејност.

## 6.1. СИЛНИ СТРАНИ (STRENGTHS):

Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита е добро познат по својата научно-истражувачка активност, со континуирана публикациска линија која ги афирмира локалните и регионалните аудиовизуелни практики. Професорите редовно објавуваат монографии, трудови, студии и рецензии кои се релевантни за полето на аудиовизуелните уметности и дигиталната заштита, а библиотеката и сопствените изданија обезбедуваат континуиран пристап до литературата и научната документација. Институтот активно учествува во меѓународни проекти и фестивали, овозможувајќи видливост на македонските аудиовизуелни практики на национално и меѓународно ниво.

## 6.2 СЛАБИ СТРАНИ (WEAKNESSES):

Институтот се соочува со ограничени ресурси и финансии за реализација на сопствени истражувачки проекти, што го ограничува потенцијалот за развој на нови научни активности. Иако постои богат библиотечен фонд, недостатокот на дополнителни кадровски и финансиски капацитети понекогаш ја ограничува брзината на научната работа и учество во меѓународни проекти.

## 6.3 МОЖНОСТИ (OPPORTUNITIES):

Постојат можности за проширување на меѓународната соработка преку учество во нови проекти и конференции, како и за унапредување на видливоста на научните резултати преку медиуми и веб-платформи. Дополнително, институтот може да иницира нови публикации, рецензии и колаборации со сродни институции, што би ја зајакнало неговата научна репутација и афирмација на македонската сценска уметност.

## 6.4 ЗАКАНИ (THREATS):

Главните закани се поврзани со ограниченото финансирање, конкуренцијата со други институции за истражувачки проекти и можноста за „одлив на мозоци“ ако млади истражувачи се префрлат во странство. Понатаму, недоволната промоција на резултатите на пошироката јавност може да го намали влијанието на институцијата во академската и културната сцена.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Извештајот за самоевалуација врз основа на објективна проценка имаше за цел да овозможи увид во состојбите и да го подобри квалитетот на научно-истражувачката дејност на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита. Прикажувајќи ги позитивните страни и присутните недостатоци, се утврдија следниве препораки за подобрување на квалитетот:

- создавање услови за развој на истражувачки проекти и континуирана научна активност;
- обезбедување механизми за вклучување на млади истражувачи со афинитети кон аудиовизуелните уметности и дигиталната заштита;
- поттикнување стручно и научно усовршување преку семинари, конференции и меѓународна соработка;
- афирмација на истражувачките резултати преку публикации, монографии и рецензии;
- активно учество во меѓународни академски и уметнички мрежи, со цел промоција на македонските аудиовизуелни практики;
- континуирана комуникација со јавноста преку медиуми, веб-страници и јавни настани за зголемување на видливоста на резултатите.

Овие мерки се насочени кон зајакнување на истражувачката дејност на Институтот и обезбедување на услови за континуирано следење и промовирање на македонското аудиовизуелно творештво на национално и меѓународно ниво. Институтот, со својот научен капацитет и посветеност на квалитетот, ги позиционира

македонските аудиовизуелни практики како значаен дел од европскиот и светскиот културен простор, овозможувајќи долгорочен развој на истражувањата и афирмација на научната мисла во обласите на аудиовизуелни уметности, студии и дигитална заштита.

Комисија за самоевалуација:

- Проф.  Горан Наумовски, претседател

-------------------------------

- Доц. Ненад Стефановски, член

--------------------------------

- Проф. Горан Тренчовски, член

-----------------------------

- Вонр. Проф. Јани Бојаџи, член

-----------------------------

Директор на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита

Проф. м-р Сашо Павловски

-------------------

Скопје, 16.04.2026